До

Државен Испитен Центар-Скопје

(имател на информацијата)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 13.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг Един. Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Aneksi: | |
| 03 | 55/1 | | |

БАРАЊЕ

ЗА ПРИСТАП НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од П. М. , улица

Mail: моб.

**Врз основа на член 4 и член 12** Од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер според

**член 4**

**(1)** Слободен пристап до информации имаат сите правни и физички лица.

**член 12**

(1) Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис.

**(2)** Секој барател врз основа на барање има право на пристап до информација од имателот на информации со кои располага, и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.

1. Дали лицето М. К. од Струмица има уверение за положен испит за директор издадено од Државниот Испитен Центар
2. Доколку има уверение од која дата е уверението т.е. **датум на издавање на уверението за положен испит за директор**
3. Барам од имателот на информацијата да ми го достави во **писмена форма**

До
Државен Инспитен Центар-Скопје

Почитувана директорке

Според законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење

V База на податоци, уверение и трошоци **член 23 и член 24**

Јас **П. М.** лиценциран директор, до Вас како раководно лице и менаџер на Државниот Испитен Центар-Скопје ја доставувам следната

# Пријава

Да се испита и да се провери зошто лицето **М. К.** од Струмица при ажурирање или внесување на новите податоци за кандидатите кои положиле и се стекнале со уверение за положен испит за директор во Централниот регистар при Државниот Испитен Центар кои се податоци од јавен карактер и сите заинтересирани лица можат да ги видат по полагањето и завршувањето на мајската испитна сесија која заврши заклучно со 20 мај 2024 год. Во документот кој го имаше на интернет и кој е со дата од **17.07.2024** год по кој документ каде се внесени сите положени кандидати во мајскиот испитен рок беше внесена во Централниот регистар како положен кандидат со уверение и лицето **М. К.** под реден број 479 со дата на уверение од 20.05.2024. год со грешка внесена општина со населено место Маала и беше внесена помеѓу општините Куманово и Романовце не во општина Василево. За да на **11.09.2024год** каде повторно се ажурирани податоците од Централниот Регистар на ДИЦ лицето **М. К.** е **избришана од регистарот** на директори кои имаат уверение за положен испит. **На 22.11.2024 год** тоа е последната дата која стои на документот кој може да се види од страната на ДИЦ повторно **М. К.** **не е внесена во регистарот** за директори.И од први јануари сега

кога новиот регистар е  со нов пософистициран изглед и пристап до податоците истата **М. К.** е **внесена пак околу 22.01.2025 год**.

Вие како директор сте должни да **испитате** дали постои и доколку постои кој е мотивот и целта **М. К.** да се внесува во регистарот за потоа да се брише од регистарот на директори кои се стекнале со уверение.

Централниот регистар е уреден со закон и Вие точно имате увид и знаете кој е одреден да работи со внесување, уредување и ажурирање на истиот. Да побарате од вработениот/ите  образложение, отчет и одговорност  за нивната работа. Да се решат сите нејаснотии зошто е внесена  па бришана од регистарот.

Против **М. К.** имам поднесено пријава до Основно Јавно Обвинителство-Струмица по која се постапува бидејќи во законскиот рок од една година од нејзиното назначување за директор  немаше лиценца за директор и немаше положено до 20.05.2024 год. испит за директор ниту имаше лиценца по англиски јазик за да сега на 13.01.2025 год **самата си поднесе оставка** од позицијата директор на ООУ"Атанас Нивичански"-Нова Маала општина Василево.

Во пријавата до просветниот  инспектор ја пратив со препорачано писмо на 09.04.2024 год  се повикав на податоците од централниот регистар во кој се гледа дека **во февруарскиот испитен рок таа го нема положено испитот** за директор и нема лиценца. Во обвинителството инспекторот дал лажен  извештај во кој се повикал на некој член од законот во кој вината ја префрла на ДИЦ наводно немало неколку месеци испитна сесија и затоа **М. К.** неможела да полага во предвидениот законски рок. Ноторна лага на вашата страна имаше оглас за  полагање во февруарска сесија. Нејзината обука е завршена на 25.12.2024 год и во февруари полагала и не положила не дека ДИЦ не организирал сесија за полагање. Од сите лажни извештаи што ги дале на обвинителот  ми **имплицира сомнение** да барам да  се испита целиот случај и да се утврди од ваша страна **веродостојноста на лиценцата** на **М. К.** според **записник** потпишан од претсаедателот и членовите на испитната комисија и датумите за сите три дела ( тоа ке биде доказ за потврдување на лажниот изказ на инспекторот и обелоденување на вистинита кога полагала прв, втор и трет дел од испитот) и други параметри со кои располагате  за да може да ја утврдите веродостојноста на уверението за директор на лицето **М. К.** од Струмица.

Во прилог ви доставувам

Фотокопија од покана од ОЈО-Струмица

"Скриншот" од регистарот на директори.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 477 | Андријана | Аскелиевска | |
| 478 | Шпенд | Мухтари | |
| 479 | марија | Костуранова | |
| 480 | Миртезан | Миртезани | |
| 481 | Скендер | Рушити | |
| 482 | Џемалудин | Азири | |
| 483 | Жаклина | Милинковиќ | |
| 484 | Тања | Тодоровска | |
| 485 | Мемет | Бајрами | |

| | | |
|---|---|---|
| 5/15/2018 | ОУ „Конгреси и | Куманов |
| 5/20/2024 | ОУ „Атанас Навичански“ | Маала |
| 7/25/2020 | ОУ „Кирил и Методиј“ | Романов |
| 7/8/2021 | ОУ „Кирил и Методиј“ | Романов |
| 11/21/2020 | ОУ „Кирил и Методиј“ | Романов |
| 2/17/2024 | ОУ „Браќа Рибар“ | Табанові |
| 5/8/2021 | ОУ „Карпош“ | Дол |
| 12/5/2020 | ОУ „Јероним Де Рада“ | Куманов |

Барам од Вас писмено известување.

.

Со почит

**П. М.**

Улица

email

моб.

Република Северна Македонија
ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
КО. бр. 559 / 2024
**22.01.2025година**
**С Т Р У М И Ц А**

**ДО**

**П. М.**

**С Т Р У М И Ц А**

# П О К А Н А

Согласно чл.285 ст.1 од Законот за кривична постапка, Ве повикувам во својство на сведок, да се јавите во просториите на Основното јавно обвинителство Струмица кои се наоѓаат на ул."Ленинова" бр.24, на **ден 06.02.2025 година во 11,30 часот** , за да се произнесете околу наводите во кривичната пријава поднесена од Ваша страна, против **М. К.** од Струмица, за кривично дело "несовесно работење во службата" од чл. 353-в ст.1 од КЗ.

Задолжително со себе да понесете документ за лична идентификација.

**Предупредување:** Согласно чл.212 ст.3 од ЗКП должни сте да се јавите на поканата. Ако сведокот кој уредно е повикан не дојде а не го оправда изостанокот, или без одобрение или оправдана причина ќе се оддалечи од местото каде што треба да биде испитан, може со судска наредба да се доведе присилно, а судот може и да го казни со парична казна од 200 до 1.200 Евра во денарска противвредност согласно чл.224 од ЗКП.

**Јавен обвинител во ОЈО Струмица**
**Силвана Бајрактарова**